Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОРНИТОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ТИКВЕШ“ ВО КЛИСУРАТА НА ЦРНА РЕКА, ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ**

Се прогласува Законот за прогласување на орнитолошкиот локалитет „ТИКВЕШ“ во клисурата на Црна Река, за строг природен резерват,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 1997 година.

Број 08-2466/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
**Тито Петковски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОРНИТОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ТИКВЕШ“ ВО КЛИСУРАТА НА ЦРНА РЕКА, ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ**

Член 1

Просторот на орнитолошкиот локалитет „Тиквеш“ во клисурата на Црна Река, се прогласува за строг природен резерват (во натамошниот текст: резерват).

Член 2

Границата на резерватот започнува од западниот брег на Тиквешкото Езеро под кота 396, од каде што се искачува на возвишението Врв (775 м) во западно-југозападен правец и продолжува непосредно до селото Праведник од каде што се спушта до над долината на реката Дољани. Од тука прави широк свиок кон северозапад и ги сече северните ограноци на врвовите Галчин (1472 м) и Орлите (1480 м), минувајќи низ повеќе гребени и долини. Продолжува кон месноста Човекот со кота 1399 м и од таму се спушта кон југ минувајќи по горниот тек на Галишка Река, под селото Галиште. Ја следи долината до под кота 642 од каде што преку еден помал гребен повторно се спушта во Галишка Река и ја следи долината до утоката во Езерото, кое го поминува западно до кота 398, се искачува до северозападните делови на Варелова Тумба и таму под прав агол скршнува кон исток и оди до котата 609. Од оваа точка границата продолжува во југозападен правец до месноста Водена Пешта и кота 807 сè до кота 459. Од тука се искачува на возвишението Самовилец (772) кон североисток и оди по гребенот до кота 694. Тука границата врти полукружно кон север и поминува 500 м западно од селото Куманичево од каде што повторно има североисточна насока. Поминува источно од кота 1036 го сече патот од Куманичево за Драгожел и свртува кон северозапад и благо се спушта до кота 810. Од оваа точка границата продолжува кон север до месноста Плазје и преку кота 660 по 2 км северно врти кон исток до долината на реката Каменица. Ја сече долината и полукружно ја

менува насоката кон северозапад. Го сече Касапски Дол оди на кота 432, го сече патот од селото Бегниште кон Езерото и преку месноста Прпљуј благо врти кон запад-југозапад и се спушта на брегот на Тиквешкото Езеро до почетната точка.

Во овие граници резерватот зафаќа површина 10.650 хектари од кои 9.700 хектари копно и 950 хектари водна површина.

Член 3

Министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина ќе донесе поблизок пропис за спроведување на мерките за заштита на строгиот природен резерват „Тиквеш“ во клисурата на Црна Река во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.